# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 2 година XXXIII



*СОДРЖИНА*

2 страна - **Обраќање на Високиот комесар на ОН за човекови права**

3 страна - **Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА за време на пандемијата со COVID-19**

4 и 5 страна - **Преземен текст од „Слободен печат“ за активности на дневниот центар - ПОРАКА Штип**

5, 6 и 7 страна - **Заедничка изјава на Европската експертска група за преод од институционална кон грижа во заедницата**

8 и 9 страна - **Активности на ЕАСПД:**
**- Конференција за вработување на лица со попреченост**
**- НЕ за дискриминација на лица со попреченост при тријажа**

10 страна - **Активности на Европскиот форум за попреченост**

11 страна - **Мерки за заштита од COVID-19**

12 и 13 страна - **Активности на Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост**

14 и 15 страна - **7 начини да се спречи ширењето на корона вирусот - Лесно читливи информации за лица со интелектуална попреченост**

16 страна - **Наша страница Изработки од корисниците на дневните центри на РПЦЛИП - ПОРАКА**

***“ПОРАКА”***
***Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА***

**Јуни 2020 г. Број 2, год. XXXIII**
Гласилото излегува секои 3 месеци

***Уредувачки одбор:***
Д-р Василка Димоска
М-р Владо Крстовски
М-р Маја Гацоска

***Печати:***
Дата Понс, Скопје
Тираж 1.000 примероци

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
“Орце Николов” бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
e-mail: poraka@t.mk
web: www.poraka.org.mk

**Според Министерството за култура, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

**Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.**

# Високиот комесар на ОН за човекови права повикува на дополнителни чекори за вклучување на лицата со попреченост

**COVID-19 претставува тест на општествата, на владите, на заедниците и на поединците. Сега е време за солидарност и соработка за да се справиме со вирусот, и да се ублажат ефектите, честопати ненамерно, од мерките наменети за да се запре ширењето на вирусот. Почитта за човековите права низ спектарот, вклучувајќи ги економските и социјални права, и граѓанските и политичките права, ќе биде основно за успех на одговорот на јавното здравство.**

Иако пандемијата со COVID-19 претставува закана за сите членови на општеството, лицата со попреченост се особено во ризик поради средински, институционални и бариери предизвикани од ставови кои се репродуцирани во одговорот на COVID-19. Потребни се таргетирани мерки за да се опфатат несразмерните ризици со кои се соочуваат лицата со попреченост за време на COVID-19 пандемијата, а тоа ја поттикна Канцеларијата за човекови права при Обединетите нации да издаде насоки за државите и другите чинители за COVID-19 и човековите права на лицата со попреченост.

**„Лицата со попреченост не само што се соочуваат со поголем ризик од COVID-19, тие исто така се несразмерно под влијание од мерките за одговор, вклучувајќи ги и целосните затворања (карантини). За да се разгледа овој двоен ризик, треба да ги вклучуваме лицата со попреченост во одговорот на COVID-19, и да се прилагодат планови со кои ќе се опфатат нивните потреби,“** истакна Високиот Комесар на ОН за човекови права, Michelle Bachelet.

„Лицата со попреченост се во опасност во своите домови, каде пристапот до секојдневна поддршка и сервисни служби може да е ограничен поради затворањата (карантините), а некои од нив може да се многу погодени од изолирањето или затворањето. Тоа не се нерешливи проблеми, но изискуваат преземање на специфични чекори или правење исклучоци за да се спречи понатамошно влошување на состојбите.

„Лицата со попреченост се соочуваат дури и со поголеми закани во институциите, бидејќи институциите за грижа покажаа високи стапки на фаталност од COVID-19 и се појавија ужасни извештаи за занемарувања и негрижа за време на пандемијата. Сега е времето да се даде поддршка на сервисните служби во местото на живеење, секаде каде тоа е можно.“

Од суштинско значење е давање информации за COVID-19 во пристапни формати за лицата со попреченост, како што е и обезбедувањето пристапност до онлајн образование, додаде Bachelet.

Високиот Комесар, исто така, изрази загриженост за дискриминацијата и стигмата кон лицата со попреченост за време на пандемијата со COVID-19.

Длабоко бев вознемирена од извештаите дека на животите на лицата со попреченост можеби некако им се дава поинаква тежина отколку на другите за време на оваа пандемија,“ рече таа. „Медицинските одлуки треба да се засноваат на индивидуализирани клинички проценки и медицинска потреба, а не на возраста или други карактеристики, како што е попреченоста.“

Насоките издадени од Канцеларијата на Високиот Комесар на ОН за човекови права идентификуваат големи загрижености и поставуваат клучни активности во контекст на пандемијата.

**Насоките се стремат кон поттикнување:**

- **Да се овозможи свесност за влијанието од пандемијата врз лицата со попреченост и нивните права;**
- **Да се обрне внимание на одредени позитивни практики кои веќе се преземаат во некои земји;**
- **Да се идентификуваат клучни активности за државите и другите чинители;**
- **Да се обезбедат ресурси за понатамошно учење, со цел да се обезбедат одговори на COVID-19 засновани на права кои ги вклучуваат лицата со попреченост.**

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА и неговите сервисни служби за време на пандемијата со COVID-19

## Адаптирана програма за психо-социјална поддршка и прилагодени индивидуални едукативни активности во домашни услови

**Во услови на пандемија со COVID-19, РЦПЛИП – ПОРАКА и неговите сервисни служби ги надополнија и адаптираа своите програмски активности. Почитувајќи ги препораките за физичка изолација и останување дома, во сервисните служби на РЦПЛИП – ПОРАКА и во изминатиот период продолжи да се спроведува адаптирана програма за психо-социјална поддршка и прилагодени индивидуални едукативни програми со корисниците на дневните центри и нивните семејства. Сите активности се спроведуваат во домашни услови користејќи телефонска и видео онлајн комуникација.**

Во рамките на **психосоцијалната поддршка приоритетот е насочен кон поддршка, совети, смирување, вразумување, охрабрување за полесно разбирање, прифаќање и справување со состојбата во која се наоѓаме.** Притоа се користат начини на комуникација кои одговараат на корисниците и нивните родители/старатели, вклучувајќи телефонски разговори и видео комуникација доколку корисникот/родителот/старателот користи Вибер, ФБ месинџер или друга апликација. Особено внимание се посветува на корисниците кои се посамостојни, кои се истовремено во поголем ризик за несоодветно однесување, односно на непочитување на официјалните препораки и ограничувања.

**Во рамките на реализирање на индивидуалните едукативни активности, продолжи секојдневната комуникација со корисниците и нивните родители. Притоа, приоритет и во изминатиов период беше да се ангажираат корисниците, односно да им се дадат насоки и задачи за реализација на активности со кои се одржуваат вештините и можностите на одредено ниво.**

Активностите и во овој период беа насочени кон:

- Одржување на здравјето и однесувањето при заразни болести при што се користат оналјн ресурсите за спречување на ширењето на COVID-19 од ФБ страните на Министерството за здравство и Светска здравствена организација, кои се споделувани на ФБ страната на РЦПЛИП – ПОРАКА, особено лесно читливи формати.
- Укажувања за важноста и начинот на правилно одржување лична хигиена, особено миење раце.
- Ограничувања кои мора да се почитуваат, вклучувајќи ја вонредната состојба и полициски час, особено за посамостојните корисници кои се движат без надзор.
- Вклучување на корисници во сите практични активности во домот, како што се одржување хигиена и чистење дома, средување на соба, подготовка на оброци, миење на садови итн., согласно можностите на корисникот, при што едукаторот дава насоки и информации на родителите во што и колку е вклучен корисникот во дневниот центар.



- Задавање на едноставни едукативни активности за кои не се потребни специфични материјали или алатки, односно кои можат лесно да се спроведуваат дома, во согласност со можностите и интересот на корисникот, како и карактеристиките на семејство. Тоа се секојдневни практични и когнитивни активности кои треба да се вежбаат и повторуваат.
- Посочување на едукативни содржини на ТВ и интернет кои би биле соодветни за ангажирање на корисниците.

Покрај редовните активности, сервисните служби спроведоа и неколку заеднички активности со други организации користејќи видео онлајн комуникација.

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Штип во соработка со Здружението ЦИВИТАС реализираа две онлајн работилници. Првата беше на тема „Пролетта раскажува“ при што корисниците на дневниот центар изработуваа најразлични ракотворби на темата. Втората работилница беше на тема „Шарено Велигденско јајце“. Корисниците украсуваа велигденски јајца, учеа за традицијата, обичаите и симболиката на велигденското јајце и Христовото Воскресение. Во пресрет на Велигденските празници, ЦПЛИП – ПОРАКА Штип доби пакети со прехранбени производи и средства за дезинфекција, донација од Елкос Гроуп Македонија, со поддршка на градоначалникот на општина Штип, Благој Бочварски, и Билјана Казанџиска. На 29-ти мај, со соработка со Зоран Настов, професор во Средното музичко училиште во Штип ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ корисниците на дневниот центар испеаја онлајн серенада. На почетокот на месец јуни ХЕРА донираше средства за хигиена и дезинфекција во дневниот центар на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип.

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА Прилеп ја продолжи соработката со ООУ „Кочо Рацин“. Како резултат на таа соработка се изработи видео материјал на тема „Сплотени и во време на Корона“, во кое корисниците на дневниот центар се претставија со своите изработки на оваа тема.

**Преземен текст од „Слободен печат“ од 7.5.2020 година, пишува: Јасмина Кантарџиева Димков**

# Од овие луѓе ќе научите многу за љубовта и трпението

**Нешто што паѓа в очи уште при првиот контакт со корисниците на дневниот центар „Порака“ е нивната срдечност, отвореност, љубопитност, добродушност.**

**Наши соговорнички се Лилјана Крстевска, претседател на Центарот за лица со интелектуална попреченост „Порака“ – Штип и Голубинка Настова, психолог во Центарот.**

**Колку лица со попреченост се ангажирани во Дневниот центар „Порака“ во Штип и колку од нив се жени? Колку стручни лица работат во Центарот?**

*Крстевска:* Иако половата припадност не е нешто што во нашата работа прави разлика, во дневниот центар се вклучени вкупно 15 лица од кои 8 се жени. Дневниот центар ЦПЛИП „Порака“- Штип, на своите корисници – возрасни лица со интелектуална попреченост им овозможува развивање на вештини за самостојно живеење, работно-окупациони и едукативни активности со што во целост го подржува процесот на деинституционализација.

Планираната програма се спроведува во работни денови, од понеделник до петок, од 8-16 часот, од страна на еден психолог и еден помошник едукатор.

**Во периодот на вонредни околности со какви активности продолжувате и на кој начин?**

*Крстевска:* Спроведувањето на програмските активности во услови на пандемија со Ковид-19 се одвива во домашни услови со приоритет корисниците на дневниот центар „Порака“ да бидат ангажирани односно да им се дадат насоки и задачи за спроведување на активностите со кои би се одржале нивните можности и вештини на постигнатото ниво. Активностите се планираат од страна на едукаторите и се задаваат- споделуваат индивидуално како задачи и инструкции преку апликацијата Вибер. Во контекст на актуелната ситуација со пандемијата со Ковид-19 во функција се и телефонски линии за психолошка поддршка на корисниците и нивните родители.

**Ги фаворизирате креативните активности и вештини, за какви активности најмногу има интерес? Има ли таленти?**

*Крстевска:* Креативните активности се поле на наш посебен интерес, дел од корисниците се истакнуваат со нивниот талент за пишување поезија или проза, а дел со најразновидни креативни рачни изработки, каде од посебно значење е соработката помеѓу корисниците во делот на комуникација, помош на секое поле, поддршка во реализацијата на зададените задачи и активности. Целта е да се детектира и практично да се примени потенцијалот на секој корисник и да се развијат нови вештини за посамостоен живот.




**Каква е дружбата меѓу самите жени во Центарот?**

*Настова:* Од самиот почеток на функционирање на дневниот центар, па сè до прогласувањето на вонредната состојба поради актуелната пандемија, во рамките на секојдневниот престој во дневниот центар „Порака“, корисничките со задоволство поминуваа голем дел од времето откривајќи нови начини на приготвување храна, споделувајќи нови рецепти, декорации, рачни изработки на мини скулптури од гипс, плетени и везени изработки, цртежи... мотивирајќи се една со друга за полесно и целосно осамостојување. Наша заедничка цел е лицата со интелектуална попреченост да бидат целосно интегрирани во општеството.







## Преземен текст од „Слободен печат“ од 7.5.2020 година, пишува: Јасмина Кантарџиева Димков



**Колку се интегрирани лицата со интелектуална попреченост во социјалниот живот?**

*Крстевска:* Благодарение на стекнатите искуства, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“, како организација која на државно ниво со децении наназад се занимава со оваа проблематика, од 1963 година, особено во делот на интеграцијата на лицата со интелектуална попреченост, може да се заклучи дека вообичаено, контактите на лицата со интелектуална попреченост се сведуваат на комуникација со луѓе од нивното најблиско опкружување, при што забележителна е големата разлика во квалитетот на живот, самостојност и социјална интеграција кај лицата кои се корисници на дневни центри од типот на ЦПЛИП „Порака“- Штип. Во нормални околности, нашите корисници се вклучени во повеќе културно-образовни и уметнички друштва, реализираме чести посети на културно- историски споменици во нашата општина и пошироко и се организираат спортски игри со ученици од основните и средните училишта.

**Што вие до сега сте научиле од овие лица?**

*Настова*: Првата моја средба со нив беше во декември 2018 година, односно во тој момент ЦПЛИП „Порака“- Штип функционираше како Социјален клуб, а мојата задача беше да организирам работилница на тема „Изработка на Новогодишни украси“. Бев пријатно изненадена од редот и дисциплината која владееше за време на работилницата, прво што веднаш ми стана јасно е дека претседателката г-ѓа Лилјана Крстевска и г-ѓа Стојка Гапева (во тој момент волонтерка, а сега помошник едукатор во дневниот центар) имаат вложено огромен труд за работите да бидат во таков ред. Дружбата беше незаборавна, со изобилство позитивна енергија, толку многу љубов, толку многу искреност собрани на едно место, нешто што исклучително ретко се среќава. Во истиот момент ме освоија, а нашата дружба во континуитет продолжи на уште повисоко ниво, со самото прераснување на социјалниот клуб во Дневен центар „Порака“. Нешто што паѓа в очи уште при првиот контакт со корисниците на дневниот центар „Порака“ е нивната срдечност, отвореност, љубопитност, добродушност… Сè на сè, карактерни особини кои доминираат, а воедно сите кои сме во секојдневна комуникација со нив постојано нè потсетуваат колку малку е потребно за да се измами насмевка на нечие лице, да се стопли нечие срце, да се мисли позитивно, да се почитува и сака безрезервно… нешта што секој треба да ги доживее. Овде научив за многу љубов и трпение.

## Активности на Европската експертска група за преод од институционална кон грижа во заедницата

# Заедничка изјава на Европската експертска група за преод од институционална кон грижа во заедницата:

# „Кризата предизвикана од COVID-19: Лицата кои живеат во институции не смее да бидат отпишани“

***Европската експертска група за преод од институционална кон грижа во заедницата (ЕЕГ) ги повикува лидерите на ЕУ да осигураат дека во нивниот одговор на COVID-19 земени се во предвид и лицата кои живеат во институции во Европа бидејќи тие се соочуваат со зголемени ризици од злоупотреба, занемарување, здравствени проблеми и ментална истоштеност. Потребно е соодветно финансирање на социјалниот сектор, како и поддршка на семејствата и згрижувачите. Ова може да спречи зголемување во институционализацијата и влошување на условите на оние кои живеат во резиденцијални сегрегирачки опкружувања.***




*продолжува* →

## Активности на Европската експертска група за преод од институционална кон грижа во заедницата

**Како што пандемијата се шири, властите се борат да ги заштитат здравјето и добросостојбата на лицата кои имаат потреба од грижа и поддршка, и особено на оние кои живеат во резиденцијални институции.**

Додека владите се фокусираа на опфаќање на здравствените и економските аспекти од кризата, секторот за социјална заштита е оставен настрана, со драстични последици врз расположливоста на сервисните служби. Сервисните служби за поддршка се прилагодуваат да одговорат на новите потреби; сепак, недостигот од флексибилност во финансирањето ги става во ризик многу од сервисните служби во местото на живеење во ризик од затворање. Некои сервисни служби, вклучително и засолништата за бездомници, се присилени да останат отворени, но имаат недостиг од јавна поддршка за заштитни материјали, и дополнителен персонал кој ќе го надополнува болниот персонал и поголемиот број корисници. Резиденцијалните служби се честопати последните кои добиваат хигиенски материјали и опрема за лична заштита. Ова резултира со зголемена ранливост на веќе ранливите групи.

Актуелната криза, исто така, ги зголемува проблемите на институционализацијата: здравствените ризици се поголеми поради концентрацијата на лицата, и безброј умираат во институции, изолирани од нивните семејства. **Деца, стари лица, бездомници, лица со попреченост и лица со ментално здравствени проблеми кои се сегрегирани во краткотрајни и долготрајни резиденцијални институции сега се поранливи на кршења на човековите права од било кога порано**, и се соочуваат со зголемени ризици од:

- **Инфекции**: пренаселеноста и понекогаш нехигиенските услови, недостиг од лична заштитна опрема за резидентите и персоналот, и заедничкиот живот типичен за институции подразбира дека тие се поподложни на инфекции;
- **Злоупотреба, занемарување, недостиг на грижа и присилено сместување:** постои потенцијален недостиг од персонал, а изолацијата и забраната за посети поради заштита на резидентите, ја попречува супервизијата од семејствата или мрежите за поддршка, и исто така, постои зголемен ризик од трговија со луѓе и експлоатација;
- **Присилени лекарства и мерки за присилно ограничување:** под изговор на превентивни мерки, постојните заштитни мерки може да бидат заобиколени;
- **Ментална истоштеност:** превентивните мерки, изолацијата, недостигот од јасни информации, присилното затворање водат кон недостиг од контакт со надворешниот свет, а тоа влијае врз менталното здравје на лицата кои живеат во институции;
- **Ускратувањето на медицински третман, ризик од тешки и можни смртоносни форми на болест:** многу лица кои живеат во институции имаат здравствени состојби со кои се во повисок ризик од здравствени компликации; во земји каде здравствените услуги даваат приоритет на обезбедување на респиратори врз основа на очекуваниот животен век на пациентот, тие може да бидат принудени да се откажат од апарати за спасување животи;
- **Непосредни и недоволно подготвени промени во сместувањето:** резидентите се во ризик од брзо преместување во различни сместувачки капацитети со недоволни подготовки, мониторинг и поддршка, што може да ги стави во поранлива позиција.

**Семејствата кои имаат членови на кои им е потреба грижа ја губат нивната финансиска стабилност, физичко и ментално здравје;** и, исто така, се појавува зголемена инциденца на семејно и родово базирано насилство. Кога се прекинува пружањето грижа и поддршка, родителите или згрижувачите се оставени сами на себе да се справуваат со потребите на нивните членови од семејството (лична грижа, терапија и др.) без соодветна поддршка, одмена и социјална заштита.

Има и семејства, со деца со и без попреченост, кои претходно немале потреба од асистенција, но сега имаат потреба од поддршка. Сепак, бидејќи во моментот не се поддржани од каква било сервисна служба од програмата на ЕУ, системот за поддршка на семејствата и децата не знае за нив. Сите овие прашања може да водат кон зголемено семејно одделување и напуштање, и зголемен ризик од институционализација.

**Европската унија се заснова на заеднички вредности кои вклучуваат еднаквост, почит за човековото достоинство и човековите права. Тоа не треба да се заборави во време на криза. ЕУ мора итно да делува, преку мобилизирање и насочување на финансиите за да обезбеди безбедност и почит на човековите права на лицата кои имаат потреба од грижа и поддршка, на членовите на нивните семејства и на персоналот.**

Го поздравуваме фактот што ЕУ презела акција за да одговори на кризата, а координирана преку Европската комисија, со што ги прилагодила своите општи фискални и правила за мобилност на актуелната ситуација.

Ја поздравуваме и Иницијативата за инвестирање како одговор на Корона вирусот која ќе обезбеди ресурси за соочување со непосредните последици од кризата. Овој буџет ќе помогне во зајакнување на здравствените системи, поддршка на малите и средни претпријатија и краткорочните шеми за вработување.

**Ја повикуваме Европската унија и земјите членки да го мобилизираат овој буџет за да гарантираат континуитет на грижата и поддршката и да ги преземат следните мерки:**

- **Да обезбедат дополнително финансирање за сервисните служби за поддршка и да обезбедат дека можат да ги задоволат зголемените трошоци** поврзани со оваа криза (лекови, заштитни материјали и трошоци за персонал);
- **Да обезбедат дека сервисните служби можат да ги добиваат своите финансирања дури и во случаи на форми на онлајн поддршка кои во моментот не се признаени од нивните договарачи;**

## Активности на Европската експертска група за преод од институционална кон грижа во заедницата

- **Да се продолжи со обезбедување на сервисни служби за семејна поддршка** за време на пандемијата;
- **Да ги назначат обезбедувачите на сервисни служби за поддршка** (вклучително за грижа и персонални асистенти) **како „клучни работници“** кои можат безбедно да работат и да патуваат до своето работно место;
- **Да обезбедат дека сервисните служби добиваат лична заштитна опрема** и други релевантни медицински материјали кои се потребни;
- **Да се избегнуваат нови приеми во институции и присилен третман** преку обезбедување на континуиран пристап до сервисни служби за поддршка во местото на живеење;
- **Да се воведат проактивни, широко распространети тестирања и построги превентивни мерки** за лицата кои живеат во институции, персоналот и мрежите за поддршка;
- Да се осигура дека лицата кои живеат во институции имаат **еднаков пристап до третман и респиратори**;
- **Да се осигура дека резидентите можат да ги контактираат своите семејства и мрежите за поддршка** надвор од објектот преку пристапни средства за комуникација (вклучувајќи ги и оние кои користат невербални облици на комуникација);
- **Да се обезбедат информации за лицата кои живеат во институции за нивните права и средства за пријавување на прекршувања**, да се избегнуваат принудни мерки и да се спречува злоупотреба;
- **Да се спроведува независен мониторинг на активностите во објектите за институционална грижа** за да се осигура дека резидентите не се напуштени или ставени во опасност од намалувањата на персонал;
- **Да се даде поддршка на релевантните агенции во развивање на планови за континуитет** во ситуации во кои бројот на расположлив персонал може да се намали: намалување на бирократските бариери за регрутирање и одржување на мерките за заштита;
- **Да се вклучат итни мерки за да се заштитат бездомните лица;**
- Да се дозволи **сите деца и лица кои имаат потреба од грижа/поддршка, а кои можат безбедно да се вратат во своите семејства за време на пандемијата тоа да го сторат,** но и да им се обезбеди на семејствата поддршката што ќе им биде потребна, како и да се дозволи децата за кои е проценето дека им е потребна семејна грижа да се преселат кај згрижувачки семејства;
- Да се планираат мерки за **да се идентификуваат нови семејства кои се во ризик** и истите тие да се контактираат пред да се случи одделување од семејството поради зголемен ризик од сиромаштија, насилство, проблеми со ментално здравје, итн.;
- Да се применат **вонредни, итни мерки за социјална сигурност на семејствата** кои се грижат за лица со долготрајни потреби;
- **Да се вклучат лицата кои имаат потреба од грижа и поддршка, нивните семејства и организации во планирањето и имплементацијата на вонредните и итни мерки;**
- **Да се активираат заштитни мерки за да се зајакнат семејствата, заедниците и маргинализираните групи во општеството, за да се избегне зголемување на институционализацијата.**

Го поздравуваме фактот дека Фондот за солидарност сега може да се користи за големи јавно здравствени вонредни и итни состојби и дека ќе биде мобилизиран за поддршка на најпогодените земји. **Повикуваме на користење на дел од овој фонд за заштита на секторот за социјална заштита:**

- Да се преземат мерки за промовирање на **приоритетите за лична заштитна опрема за професионалците кои работат во социјалните сервисни служби и резиденцијалните објекти,** а кои се во секојдневен контакт со Европејците кои се во најголем ризик;
- Да им се обезбеди, на земјите кои немаат доволно **комплети за лична заштита, опрема и материјали што им се потребни за избегнување на инфекцијата,** притоа да се даде приоритет на вработените во првите линии, вклучително и персоналот од секторот за социјална заштита;
- **Да се обезбеди итно домување (сместување), со цел лицата да не се присилени да одат во институција.**

**Го поздравуваме предлогот за Регулатива од Советот за привремена поддршка за ублажување на ризиците од невработеност во вонредни состојби** за да се помогне во заштита на работните места и работниците, а поради пандемијата со Корона вирусот. Дел од оваа регулатива треба да е насочена кон секторот за социјална заштита за да се задржи вработувањето на персоналот во сервисните служби кои морале да ги суспендираат своите активности и да се дозволи поголема поддршка во приходи, флексибилност и да се земат отсуства за оние кои имаат потреба од тоа.

Ги поздравуваме активностите на **Европската Централна Банка и на Европската Инвестициска Банка за давање заеми** на мали и средни претпријатија кои се погодени од корона кризата. **Тие фондови треба, исто така, да се на располагање за секторот за социјална заштита** за да може да се усогласи и да одговори на новите потреби кои произлегуваат од оваа криза.

Ја потсетуваме Европската унија и нејзините земји членки дека ја ратификуваа Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост и Конвенцијата на ОН за правата на детето, правни инструменти кои треба да се почитуваат. Извештајот *Пандемијата со Корона вирусот во ЕУ – импликации врз основните права*, издаден од Агенцијата за основни права на Европската унија, може да биде добра почетна точка за соодветен одговор на влијанието од COVID-19 врз најранливите лица, вклучувајќи ги и лицата во институции. Ова се хуманитарни чекори за да се спречи непосредна штета на најранливите во општеството при реагирањето на оваа здравствена криза. ЕЕГ ја повикува Европската унија да ја искористи оваа криза за да го продолжи процесот на преод од институционални сервисни служби во сервисни служби во местото на живеење.

## Активности на ЕАСПД

# Вработувањето на лицата со попреченост да се приоретизира во економскиот одговор на COVID-19

**На 4-ти и 5-ти мај Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) и LADAPT беа домаќини на заедничката онлајн Конференција: „Патот кон вработување за лицата со попреченост“ на која се дискутираше за начините за вработување на лицата со попреченост. Како што почнува да се чувствува негативното влијание од COVID-19 низ целиот свет, ЕАСПД и нејзините партнери ја нагласија важноста да се обезбеди дека се почитува правото на вработување за лицата со попреченост и ги повикаа Европската унија и земјите членки за поголема поддршка, да им помогнат на оние кои се најдалеку од пазарот на трудот да најдат работа.**

На конференцијата „Патот кон вработување за лицата со попреченост“ учествуваа над 500 учесници од целиот свет, обезбедувачи на сервисни служби за поддршка, лица со попреченост, претставници на Европската комисија, Меѓународната организација за труд, бизнисмени и други чинители, за да се идентификуваат **начини како може пазарите на трудот да се направат поинклузивни, како и да се споделат најновите ветувачки практики во секторот.** Конференцијата понуди можности да се идентификуваат **клучните препораки** што мора да се земат во предвид за **следната Европска стратегија за попреченост**, за ефективна имплементација на членот 27 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

Говорејќи за време на конференцијата, **Emmanuel Constans, претседател на LADAPT, ја потенцираше важноста да се обезбеди континуирано вработување на лицата со попреченост за време на очекуваниот економски пад предизвикан од COVID-19:** *„Не можеме да го искорениме претходно постигнатиот напредок во промовирањето на вработувањето на лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот.“ Тој потоа додаде: „Ја повикувам Европската унија да ги земе во предвид правата на лицата со попреченост во нејзиниот одговор на кризата предизвикана од COVID-19.“*

Актуелните статистики во ЕУ покажуваат дека пред COVID-19, само 47% од лицата со попреченост се проценува дека се вработени, во споредба со 72% лица без попреченост. Ваквата статистика веројатно ќе се продлабочи бидејќи влијанието од COVID-19 го зема својот данок од европските економии. **Emmanuelle Grange**, Шеф на одделението за попреченост и инклузија при Европската комисија, увери дека **вработувањето ќе остане суштинска тема во Европската стратегија за попреченост пост 2020** и ја прифати важноста од промовирање на поинклузивни пазари на трудот во Европската унија. Оваа заложба, сепак, **мора да се рефлектира и на национално ниво,** доколку треба да се имплементираат ефективни стратегии за вработување на лицата со попреченост.

Разгледувајќи како чинителите можат на подобар начин да овозможат поддршка на лицата со попреченост да најдат долгорочно вработување, **Caroline Mancel,** член на бордот на Европската мрежа на јавни сервиси за вработување, истакна дека партнерствата се клучот за креирање на квалитетни индивидуализирани сервисни служби кои ги задоволуваат потребите на сите чинители. *„Не постои еден единствен модел кој одговара на сите, сите ние имаме различни таленти, вештини и способности.*



***Неопходно е да работиме заедно**, како работодавачи, баратели на работа, обезбедувачи на сервисни служби и креатори на политики за да ги идентификуваме и усогласиме вештините и потребите на барателите на работа и нивните работодавачи“* потврди Mancel, и продолжи: *„За тоа да успее **потребен ни е координиран пристап.“***

**Суштинско е да се менуваат ставовите на работодавачите за да се овозможи поголем број лица со попреченост да можат да се вработат на отворениот пазар на трудот**. При работењето со работодавачите, а за да им се помогне подобро да ги разберат бенефитите кои може да ги имаат од вработување лица со попреченост, **Haydn Hammersley,** од Европскиот форум за попреченост, нагласи дека подигнувањето на свеста, како и да им се овозможи на **работодавачите да станат посвесни за улогата што ја имаат** во овозможување на поинклузивни практики за вработување, е исто така од витално значење. Подигнувањето на свеста мора да е пропратено со зголемено споделување на информации, за **да им се помогне на работодавачите да разберат дека доволно е да направат едноставни и лесни промени за да станат поинклузивни.**

Во своето завршно излагање од дводневната конференција **James Crowe**, **претседател на ЕАСПД**, ја повтори важноста од правото на работа велејќи: *„Да се биде вработен не значи само да се има економска независност. Нашето работно место честопати е клучен дел од формирањето на нашиот идентитет, овозможувајќи ни да придонесеме во нашата заедница и целосно да учествуваме во општеството. Во сегашните услови, **многу е поважно отколку кога било порано, да обезбедиме дека секој, вклучувајќи ги и лицата со попреченост, има целосен и еднаков пристап до своите права и дека има соодветна поддршка за му се***

***овозможи тоа да го оствари**. И покрај постигнатиот напредок во креирањето на поинклузиви пазари на трудот, широкиот јаз во стапките на вработеност кај лицата со и без попреченост покажа дека **се уште имаме многу работа.** Мора да бидеме амбициозни и тоа **мора да се рефлектира во идната Европска стратегија за попреченост** која поставува **јасни, значајни цели за зголемено вработување на лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот.**“*

ЕАСПД ќе продолжи да работи заедно со своите партнери за да ги промовира еднаквите можности и зголемениот пристап на лицата со попреченост до отворениот пазар на трудот. Оваа соработка како и заклучоците од оваа конференција ќе ја формираат основата на заедничкиот **„Манифест за вработување“, кој ќе овозможи клучни препораки за идната Европска стратегија за попреченост и ќе биде издаден подоцна оваа година**.

# ЕАСПД и неговите членки велат НЕ за дискриминацијата на лицата со попреченост при тријажа

**Како што пикот на пандемијата со Корона вирусот ја зафаќаше Европа, социјалните сервисни служби и сервисите за поддршка реагираа брзо, со цел да се прилагодат на актуелната ситуација. Како што здравствените служби се под зголемен притисок, се повеќе извештаи укажуваат дека лицата со попреченост искусуваат дополнителна дискриминација при пристапот до здравствената грижа, врз основа на нивниот општ здравствен статус и медицинската состојба. Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост ги поддржува организациите на лицата со попреченост во нивните повици за еднаков третман на лицата со попреченост во процесот на тријажа.**

На вебинарот што се одржана 29-ти април во организација на ЕАСПД се **вклучија говорници кои го претставуваат академскиот свет, секторот на сервисни служби за поддршка, корисници и власти за да разговараат на кој начин сервисните служби да ги приоритизираат здравствените ресурси и да ги организираат патеките за грижа на корисниците за време на пандемија**. Премногу често обезбедувачите на сервисни служби за поддршка, згрижувачите и медицинскиот персонал се соочувале со дилема за тоа како да ги приоритизираат здравствените ресурси и грижата што можат да ја обезбедат за пациентите. Во овој процес на тријажа, лицата со попреченост се во ризик да искусат дополнителна дискриминација врз основа на нивниот општ здравствен статус и медицинска состојба.

Недостигот на инклузивни превентивни стратегии, ранливоста и опасностите од несоодветна грижа; дискриминацијата во однос на политиките за рационализација на сервисите и интерсекциското влијание беа идентификувани како главни прашања кои влијаат врз лицата со попреченост и организациите кои обезбедуваат поддршка за нив. Во тој поглед, *„Исклучителната ситуација на пандемија не треба да ги менува правните рамки на пристапите за човекови права и во никој случај не ги оправдува таканаречените „процедури за тријажа“* објасни **Prof. Gerard Quinn**.

**Josep Sole**, директор на „Support“ во Шпанија потврди *„сервисните служби имаат значајна улога во информирањето и делувањето да се избегне дека процедурите за тријажа се користат како мерка на претпазливост со која дефакто се ускратува пристапот до здравствени услуги. Зголеменото знаење и свесност мора да бидат приоритет со цел подобро да се соочиме со предизвиците на вонредните и итните ситуации“.*




*„Во времиња на несигурност поради променливите и предизвикувачки контексти и зголемен ризик од делување во контекст на законски вакуум, треба да е задолжително да се зголеми мониторингот и вклучувањето на лицата со попреченост за да се усвојат заеднички усогласени процедури“* кажа **Pat Clarke** од Европскиот форум за попреченост.

Настаните поврзани со COVID-19 за жал придонесоа за проширување на „црната историја“ и недостатоците на институционалниот модел на грижа. Правата на поединците и обврските на државите се искристализирани согласно членот 19 од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост, и сега е време политиките соодветно да ги финансираат програмите и сервисните служби. Секој чинител може да придонесе во унапредувањето на состојбите за сите. Како што беше споменато од претставникот на Европската комисија **Emmanuelle Grange**, Европската унија ќе го продолжи дијалогот со организациите од граѓанското општество со цел справување со долгорочните ефекти од кризата и ќе го трасира патот за итни реформи на системите за социјална заштита преку инструменти за политика како што е Европскиот семестар, а не само ново очекуваната Европска стратегија за попреченост пост 2020.

**James Crowe**, претседател на ЕАСПД, потврди дека *„На оваа криза мора да се гледа и како на пресвртна точка за конечно да се признае дека на сервисните служби за поддршка им е потребен екосистем за да напредуваат и да нудат насоки, координација и поддршка во редовни или вонредни ситуации. Само на овој начин може да се забрза и да се активира инклузивното обезбедување на поддршка во местото на живеење“.*

## Активности на Европскиот форум за попреченост (ЕДФ)

# Заедничка изјава: За Европа која се грижи за сите – за време на пандемијата со COVID-19 и потоа

### Европскиот форум за попреченост, заедно со над 50 невладини организации, се обратија до Европските институции и владите на земјите членки на Европската Унија

**Пандемијата со COVID-19 премногу добро покажува дека нееднаквите општества одат заедно со човековото патење, кршливите економии и деликатните демократии.**

Солидарноста мора да е главиот бедем на одговорот на Европа за оваа криза: борбата со пандемијата и заштитата на сите лица, справување со социјалните и економските последици, и одбрана на демократијата. Солидарноста оди и понатаму од границите и не треба да биде ограничена само на земјите од Европската унија.

Ова е повеќе од криза во јавното здравје; ова е криза на системите. Како климатската криза, и многу други кризи со кои се соочуваме, и оваа влијае врз сите, но некои се повеќе погодени од другите. Пандемијата со COVID-19 ги зголемува нееднаквостите во нашите општества. Нееднаквоста веќе беше глобален проблем, но сега постои ризик да порасне во неповратни размери. Заедно со милиони работници кои ги загубија своите работни места и приходи, оние кои се најпогодени се мигрантите на границите, лицата без документи, семејствата со ниски приходи, бездомните лица, постарите, жените, и лицата со попреченост или со хронични заболувања – вклучително и многу расни и етнички малцинства.

Здравствените работници, и други работници во сервисните служби, се на првата линија. Сведоци сме на основната социјална и економска вредност на работата во основните сервисни служби, работа која е во најголема мера извршувана од жени, а премногу често е игнорирана, помалу ценета, и секогаш помалку платена.

Ние, како активни актери во Европското граѓанско општество, посветени сме на заедничко работење кон споделена визија за иднината на Европа, визија која се заснова на социјално праведно, феминистички, одржливо, демократско и инклузивно општество. Во ова време на криза, подготвени сме, солидарно, да делуваме заедно. Прифаќаме дека покрај меѓународните организации, НВОи и влади, Европската унија се обидува да одговори на оваа вонредна состојба. Сепак, може и мора да се оди и понатаму.

Ги повикуваме Европските институции и владите на земјите членки да го искористат овој момент и да делуваат кон основна промена на нашите социјални, економски и политички системи. Подготвени сме да го поддржиме преодот од актуелниот социјален и економски модел, кој води кон нееднаквост и уништување на опкружувањето, и не остава неподготвени кога ќе дојде криза.

Ги повикуваме Европските донесувачи на одлуки да се соединат, и да покажат визија и храброст за да ја постават Европа на патека кон одржлива иднина; иднина на издржливи демократии кои се изградени на принципите на човечко достоинство, слобода, демократија, еднаквост, човекови права и владеење на правото.

Европа мора да покаже дека се грижи за сите, за време на криза, и после криза.

- **Европската унија мора да преземе акции да изгради стратегија која е водена од солидарност и е сеопфатна, која спасува животи и го минимизира влијанието од пандемијата. Тоа мора да опфати осигурување дека вакцина или третман, развиени за COVID-19 се достапни и пристапни за сите, и дека правилата за патенти се ревидираат доколку го ставаат профитот на фармацевтската индустрија пред јавното здравје.**
- **Се подигнува свеста, и се помага во борбата, за сите облици на дискриминација, особено расните и родовите одговори на пандемијата.**
- **Се осигурува дека рестриктивните мерки за вонредната состојба кои служат само на целта за борба против пандемијата, се временски ограничени, и се во согласност со владеењето на правото и основните вредности на ЕУ. Паралелно на тоа, мора да се одржува и дијалог со, и поддршка за, организираното граѓанско општество.**
- **Да се гарантира дека која било употреба на дигитални технологии, вклучително апликации и вештачка интелигенција, со кои се следи ширењето на вирусот и однесувањето на луѓето е законско, етичко и строго привремено. На приватните компании не смее да им се дозволи пристап до овие податоци за комерцијални цели.**
- **Да се заврши времето на штедење во Европа, и да се работи кон макроекономска рамка која ќе дава приоритет на справувањето со нееднаквостите, и инвестира во човековата добросостојба и зачувување и заштита на природната средина што нас не одржува. Да се оданочуваат богатите компании и поединци за да се помогне во плаќањето за трошоците на пакетите за помош и опоравување.**
- **Да се зајакнуваат правата на работниците, заштита на вработувањето, поддршка за приходите на луѓето, и воведување мерки за заштита на оние кои се оставени надвор од пазарот на трудот. Мерките треба да соодветствуваат на ситуацијата во Европа и земјите партнери на ЕУ, и особено треба да се земаат во предвид здравствените работници, негувателите и ризичните работни места, од кои најголем број се жени.**
- **Поддршка за здравствените системи и луѓето, да се осигураат основни услуги, особено здравствена грижа, и тие да се обезбедени без разлика на статусот, расата, националноста, јазикот и други фактори.**
- **Да се забрза преодот кон праведна, одржлива иднина преку зголемување на амбицијата за Европскиот зелен договор. Тоа бара решенија за трансформација и инвестирање во праведна транзиција, вклучувајќи квалитетни згради со енергетска ефикасност и јавен транспорт, модели на производство со ниски ресурси, и робусен и одржлив систем на исхрана.**
- **Да се развива поиздржлив, структуриран и постојан систем на владеење на ниво на ЕУ-27 за менаџмент на здравствената криза, која црпи искуства од актуелната криза со COVID-19.**

# Мерки за заштита од COVID-19

## Одржувајте одредено растојание со луѓето: одржувајте 2 метри на растојание од другите!

Кога некој кива или кашла, малите капки кои го содржат вирусот може преку струењето на воздухот да доведат до заразување на лицето кое е во непосредна близина со заболеното лице, затоа треба да се одржува одредено растојание.

## Често мијте ги рацете со вода и сапун или со средство за дезинфекција на раце!

Ако вашите раце содржат вируси, миењето со сапун или со средство за дезинфекција за раце на база на алкохол ќе ги уништи истите.

**Што се подразбира под „често миење“?**

Миењето на рацете е важно после одредени постапки:

1. После дување на нос, кашлање или кивање.
2. Пред и по згрижување на заболено лице.
3. Пред, за време и по подготвување на храна.
4. Пред јадење.
5. Пред и по третирање на гребнатина или рана.
6. По користење на тоалет.
7. По промена на пелени или миење на дете по користење на тоалетот.
8. По допирање на животно, добиточна храна или животински отпад.
9. По допирање на храна за домашни миленичиња.
10. По допирање на отпадоци (ѓубре).

**Кој е најдобар/правилен начин на миење раце?**

Миењето на рацете треба да трае околу 30 секунди.



## Употребувајте маска за лице!

**Кога да ставате маска за лице?**

Задолжителното е носење заштитна опрема (маска, марама или шал) на устата и носот, во сите јавни објекти како државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, јавен превоз, чекални, здравствени институции и слично. Носењето на заштитна опрема е задолжително и на отворени простори, секогаш кога не може да се одржува минимална дистанца од два метри меѓу граѓаните.

Заштитна опрема не е задолжителна за граѓани кои престојуваат во двор на станбена семејна куќа, возат велосипед или спортуваат на отворено, (задолжително одржување на дистанца од 2 метри растојание), ако патуваат во моторно возило со лица кои заедно живеат, како и ако се наоѓаат на отворено каде може да одржуваат дистанца од 2 метри.

**Како да ја носите медицинската маска?**

Откако ќе утврдите дека Ви треба маска (видете погоре), важно е правилно да ја носите. Ако не носите маска правилно, може да имате уште поголем ризик од инфекција.

**Запомнете**: маската сама по себе нема да обезбеди целосна заштита за Вас или за луѓето околу Вас, така што сепак ќе мора да ги следите сите „едноставни совети“за хигиена на рацете и респираторната хигиена.

**Ставење на маската**



- Поставете ја маската внимателно за да ги покриете устата и носот.
- Прицврстете ја маската за да го намалите просторот помеѓу лицето и маската .
- Додека ја носите, не допирајте ја маската - особено не од предната страна.
- Ако случајно ја допрете маската, измијте ги рацете.

**Отстранување на маската**



- Одврзете ја маската од позади без да го допрете предниот дел.
- Прво одврзете ја долната врвка.
- Ставете ја маската за еднократна употреба во пластична кеса, затворете ја и фрлете ја во корпа за отпадоци веднаш откако ќе ја отстраните.
- Измијте ги рацете по отстранувањето на маската или во случај да допрете веќе искористена маска.
- Кога Вашата маска ќе се навлажни, заменете ја со нова, чиста и сува.
- Маската за еднократна употреба не треба да се користи повеќе пати.

## Активности на ЕАСПД

# Социјалните сервисни служби ја повикуваат ЕУ да даде поддршка за правата и здравјето на персоналот и на корисниците во следната фаза на борбата со COVID-19

**Како што Европа започнува да ги олеснува мерките кои беа наметнати како одговор на пандемијата со COVID-19, илјадници обезбедувачи на сервисни служби започнуваат да ги отвораат своите сервисни служби и да ја пружаат неопходната поддршка на лицата со попреченост и нивните семејства (на лице место). Иако пандемијата можеби го достигна својот пик во Европа, заканата и влијанијата од вирусот се далеку од завршени, присилувајќи ги овие сервиси да се прилагодат на новата реалност, а притоа да ги обезбедат правата и здравјето на нивните корисници и работна сила. И покрај брзиот одговор на Европската комисија, за олеснување на влијанието на COVID-19 во многу клучни сектори, социјалниот сектор не беше во можност во целост да ги искористи пакетите на ЕУ за одговор на кризата предизвикана од COVID-19. Како што почнуваат да се отвораат сервисните служби, Европската асоцијација на сервисни служби за поддршка на лица со попреченост и нејзините партнери бараат Европската комисија да продолжи да презема итни чекори за промовирање на безбедното пружање на поддршка и социјални сервисни служби на милиони лица кои имаат потреба од нив.**

COVID-19 ги тестираше, и ги покажа флексибилноста и иновациите на социјалната грижа и секторот за поддршка. Откако брзо ги прилагодија многу од нивните услуги преку онлајн поддршка за време на строгите изолации, **многу од сервисните служби сега се прилагодуваат на животот по целосното затворање и повторно ги отвораат сервисните служби (за работа на лице место),** за да пружат неопходна поддршка на оние на кои им е потребна. И покрај тоа што попуштаат мерките за изолација, мерките за социјално дистанцирање остануваат, создавајќи **нови предизвици за социјалните сервисни служби**, кои пак мора да ги поддржуваат правата и здравјето на својот персонал и корисници. На 13-ти мај, ЕАСПД организираше вебинар на кој се состанаа обезбедувачи на сервисни служби, здравствени експерти, експерти за безбедност, вработени во сервисни служби и лица со попреченост. На вебинарот се разговараше **како сервисните служби можат безбедно повторно да се отворат за време на пандемијата со COVID-19.**

Вебинарот се одржа во време кога се појави веста дека Европската комисија ќе биде домаќин на вебинар на 3-ти јуни, со цел да обезбеди практични информации наменети за социјалните сервисни служби и властите за тоа како може да се користи Иницијативата за инвестирање како одговор на коронавирусот во овој сектор.

Говорејќи за време на вебинарот **Милан Шверепа,** Директор на Европската Инклузија, ја потврди **важноста од поддршката на правата на лицата со попреченост за време на пандемијата и ја истакна клучната улога која ја имаат квалитетните сервисни служби во оваа област.** Ваквите сервисни служби мора да ги пружаат своите услуги на **безбеден начин**, во согласност со најновите здравствени мерки и мерки за безбедност, со цел **да се намали ширењето на COVID-19** меѓу персоналот и лицата со попреченост, кои може да се поранливи на вирусот.

Обезбедувачите на сервисни служби за поддршка од Австрија, Белгија, Бугарија и Франција ги идентификуваа **ублажувањето на ширењето на инфекцијата; справувањето со стравовите** на корисниците и персоналот, **прилагодувањето на понудата на сервисните служби** да се усогласат со потребите на корисниците и **сигурноста на финансирањето како клучни предизвици** при повторното отворање на нивните сервисни служби за работа лице-во-лице. За да се успее во надминување на многу од овие предизвици, говорниците ја истакнаа в**ажноста од заедничко работење на сите чинители**, вклучувајќи ги и корисниците на сервисите, претставниците на работници и здравствените услуги, за целото време на процесот на повторно отворање.

**Давањето приоритет на пристапот до опрема за лична заштита,** како за персоналот во сервисните служби, така и за корисниците, е прв приоритет доколку секторот продолжи да обезбедува близок контакт за лична поддршка. **William Cockburn,** шеф на одделот за превенција и истражување при **Европската агенција за безбедност и здравје на работното место**, исто така нагласи дека, токму **поради природата на работата што ја извршува персоналот во социјалните сервисни служби, пристапот до тестирање кога е потребно е од суштинско значење.**

Не е доволно да се овозможи само пристап до опрема за лична заштита, туку треба **да се инвестира во дополнителни обуки на персоналот, за тоа како да се користи таа опрема и да се имплементираат стандарди за безбедност.** Со очекувањата за дополнителни бранови на вирусот се додека не се најде вакцина која ќе е широко достапна, **Luca Scarpiello**, од Европската федерација на синдикати на јавни сервисни служби, додаде дека таквите обуки треба да бидат пропратени со ***долгорочна инвестиција во планирање на подготвеност*** *за да можат сервисните служби подобро да се подготват за предизвиците кои идните вонредни состојби би ги донеле*.

При завршното излагање на вебинарот, **Luk Zelderloo**, Генерален секретар на ЕАСПД, ја потврди значајната работа на сервисните служби за поддршка за време на пандемијата велејќи дека **„секторот повторно ја докажа својата приспособливост за време на пандемијата со COVID-19, бидејќи се обидува да ги поддржи оние кои често се оставени последни во времиња на криза“.**

Гледајќи на улогата која ЕУ може да ја има во поддршка на секторот во вакви времиња, тој нагласи: **„COVID-19 ги покажа, повеќе од кога и да било, негативните последици од долгогодишното недоволно финансирање. Сега е времето тоа да се промени. Ја поздравуваме иницијативата на Европската комисија да ја подобри пристапноста на Иницијативата за инвестирање во одговор на корона вирусот за социјалните сервисни служби, но потребна е поголема поддршка за да се обезбеди дека секторот може да продолжи да ги обезбедува своите витални услуги на оние на кои тие им се потребни. Оваа иницијатива мора да е придружена со Фонд за вонредни**

## Активности на ЕАСПД

**(итни) состојби наменет за социјални сервисни служби, за да се обезбеди брз пристап до потребното финансирање на потреби од кризни ситуации на локално ниво. Како што Европа започнува да излегува од оваа криза, Европскиот план за опоравување мора да овозможи пристап до поддршка на најранливите и оние кои се грижат за нив и ги поддржуваат, вклучително и преку специфични буџетски распределби за обезбедување на квалитетни социјални сервисни служби.“**

По вебинарот и идентификувањето на прашањата кои произлегоа, ЕАСПД и 12 партнери подготвија **отворено писмо до Заменик-претседателите на Европската Комисија, Dubravka Šuica и Věra Jourová, како и Комесарите Nicolas Schmit, Helena Dalli Stella Kyriakides.** Писмото ја повикува Европската комисија да преземе итни чекори за да ги заштити и зајакне оние кои се во најголем ризик за време на пандемијата со COVID-19 преку осигурување пристап до сервисни служби со висок квалитет. Како што почнуваат да се намалуваат мерките за изолација низ Европа, ЕАСПД е подготвена да работи со Европската комисија и клучните партнери за да се осигура дека одговорот на ЕУ во однос на пандемијата е од бенефит за сите кои живеат во Европа.

# Нов извештај за сликата на состојбите: Влијанието на COVID-19 врз сервисните служби за лица со попреченост во Европа

**Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост го претстави својот прв извештај за сликата на состојбите за влијанието на COVID-19 врз социјалните сервисни служби за лицата со попреченост низ Европа. Извештајот ги идентификува главните предизвици кои ги искусуваат обезбедувачите на сервисни служби, како и општ преглед на расположливоста на сервисни служби за поддршка во април 2020 година. ЕАСПД ги повикува властите на сите нивоа да обезбедат дека социјалните сервисни служби - и корисниците и родителите/згрижувачите кои имаат бенефот од нив – се заштитени од влијанието на COVID – 19.**

Првиот извештај за сликата на состојбите изготвен од ЕАСПД овозможува прва, општа проценка на ситуацијата на сервисните служби за лица со попреченост низ Европа во текот на април 2020 година, токму во пикот на COVID-19 пандемијата. Извештајот им овозможува на креаторите на политики и другите чинители една **првична анализа на ситуацијата врз основа на докази собрани од 47 организации членки и партнери, активни во 23 европски земји.**

Извештајот ги идентификува **недостигот од пристап до заштитна опрема и тестирање; намалување или нестабилни протоци на приходи и значајни предизвици со персонал, како најголеми предизвици** со кои се соочуваат сервисните служби за поддршка во моментов во Европа.

Собраните докази отсликуваат сложена слика низ Европа; сепак, исто така, се истакнуваат некои заеднички теми; како на пример фактот дека **сервисните служби за резиденцијална грижа и сервисните служби за лица со големи потреби од поддршка останале отворени, додека други, лице-во-лице сервисни служби, како што се дневните центри и образованието, се затворени** и во моментот примарно работат преку **онлајн инструменти**. Ова има големо влијание врз грижата и потребите за поддршка кај милиони лица со попреченост и нивните семејства и/или згрижувачи, особено жените. Сервисните служби за вработување, работа и обука, исто така, се генерално затворени, со што во голема мера се **влијае на актуелните (и можно идните) стапки на вработување на лицата со попреченост во Европа.**

При претставувањето на овој извештај, **Luk Zelderloo,** Генерален секретар на ЕАСПД, изјави дека *„COVID-19 влијае врз животите на многу лица со попреченост и нивните семејства, како што беше истакнато од Европскиот форум за попреченост. Овој извештај ги потврдува овие предупредувања. Сега е потребно итно внимание со цел да се обезбеди дека лицата со попреченост имаат пристап до сервисните служби што им се потребни, во безбедни услови, во согласност со обврските на ЕУ и државите членки, а произлегуваат од човековите права“*.

Авторот на извештајот, **Thomas Bignal**, советник за политики во ЕАСПД, изјави дека *„сервисните служби за поддршка треба да се заштитат од COVID-19 пандемијата. Првичниот слаб одговор од властите – на национално и на ЕУ ниво – го попречи континуитетот на грижа и поддршка, но исто така, го стави во ризик здравјето и добросостојбата на милиони лица со попреченост и професионалци во социјалните сервисни служби. Гледиштето на социјалните сервисни служби мора да биде во центарот на следните чекори на Европа, доколку сакаме политичкиот одговор да биде правичен и социјално праведен“*.

За да се заштитат сервисните служби за лица со попреченост од кризата предизвикана од COVID-19, ЕАСПД има 5 јасни препораки за креаторите на политики:

1. **Да се даде поголема политичка итност за сервисните служби за лица со попреченост**
2. **Да се даде приоритет за пристап до лична заштитна опрема и тестирање за сервисните служби за лица со попреченост**
3. **Да се даде гаранција за доволен број на персонал во сервисните служби за лица со попреченост**
4. **Да се обезбеди дека нема да има пад во приходот за сервисните служби за лица со попреченост**
5. **Да се зголеми планирањето за сервисните служби за лица со попреченост**

Во месеците што доаѓаат, ЕАСПД ќе продолжи да собира податоци и да истражува за да им помогне на властите и сервисните служби за лица со попреченост да одговараат најдобро што можат на пандемијата со COVID-19 и да се осигура обезбедувањето на квалитетни сервисни служби во местото на живеење, во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

**Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА**

## Лесно читливи информации за лица со интелектуална попреченост

(преземено од Светска здравствена организација)




## 7 НАЧИНИ ДА СЕ СПРЕЧИ ШИРЕЊЕТО НА КОРОНА ВИРУСОТ



**1.** ЧЕСТО МИЈТЕ ГИ РАЦЕТЕ



**2.** ИЗБЕГНУВАЈТЕ ДОПИР НА ОЧИТЕ, УСТАТА И НОСОТ



**3.** ПОКРИЈТЕ ЈА УСТАТА СО ВНАТРЕШНАТА СТРАНА НА ЛАКТОТ ИЛИ СО ШАМИВЧЕ ПРИ КАШЛАЊЕ И КИВАЊЕ

## Активности на РЦПЛИП – ПОРАКА

# Лесно читливи информации за лица со интелектуална попреченост

(преземено од Светска здравствена организација)



**4.** **ИЗБЕГНУВАЈТЕ МЕСТА СО МНОГУ ЛУЃЕ**



**5.** **ОСТАНЕТЕ ДОМА АКО НЕ СЕ ЧУВСТВУВАТЕ ДОБРО, ДУРИ И СО МАЛКУ ЗГОЛЕМЕНА ТЕМПЕРАТУРА ИЛИ КАШЛИЦА**



**6.** **ПРИ ЗГОЛЕМЕНА ТЕЛЕСНА ТЕМПЕРАТУРА, КАШЛИЦА И ТЕШКОТИИ ПРИ ДИШЕЊЕТО, НАВРЕМЕНО ПОБАРАЈТЕ МЕДИЦИНСКА ПОМОШ - НО ПРВО ПРЕКУ ТЕЛЕФОНСКИ ПОВИК**




**7.** **НАВРЕМЕНО СЛЕДЕТЕ ГИ НОВИТЕ ИНФОРМАЦИИ НА СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА**

ПОРАКА

ISSN 0350-5863

# Наша Страница

## Активности во домашни услови

